1. **ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИЗМЕНА НА РАМКОВЕН ДОГОВОР И ДЕЛ ОД ДОКУМЕНТИТЕ КОИ СЕ СОСТАВЕН ДЕЛ НА РАМКОВНИОТ ДОГОВОР**

Ве известуваме дека Шпаркасе Банка изврши измена и дополнување на текстот на Рамковниот Договор, кои се во примена од 25.11.2025 година. Измените се следни:

- наплата на надоместок во висина на вистински направените трошоци доколку клиентот бара информации почесто од динамиката утврдена со ЗПУПС;
- временски рок за поднесување на барање за раскинување на Рамковниот договор доколку клиентот не се согласува со промената на надоместоците, трошоците и провизиите поврзани со сметката;
- јазик на кој ќе се одвива целокупната комуникација меѓу договорните страни, како и јазик на склучување на Рамковниот договор.

Шпаркасе Банка изврши измена и дополнување на текстот на Општите правила и услови за платежна сметка и платежни услуги за правни лица, кои се во примена од 25.11.2025 година. Измените се следни:

- дополнување на делот за давање на овластување доколку се изготвува надвор од Р.С.Македонија;
- дообјаснување на делот за делумни преноси, одговорност, отповикување на платни налози како и задолжителни елементи при потполнување на платните налози;
- обработки на приливни платежни трансакции.

Шпаркасе Банка изврши измена и дополнување на текстот на Општите правила и услови за издавање и користење на MasterCard Business кредитна картичка и Општите правила и услови за издавање и користење на Visa Business дебитна картичка., кои се во примена од 25.11.2025 година. Измените се следни:

- Насоки и објаснување за Корисникот на картичката да презема разумни мерки за заштита на платежниот инструмент и неговите сигурносни обележја.

Шпаркасе Банка изврши измена и дополнување на текстот на Терминскиот план за прием и извршување на платни налози за кредитни трансфери во земјата, кои се во примена од 25.11.2025 година. Измените се следни:

- времето на прием, испраќање и обработка на платните налози за извршувања на интерните плаќања.

Шпаркасе Банка изврши измена и дополнување на текстот на Терминскиот план за реализација на кредитни трансфери со странство, кои се во примена од 25.11.2025 година. Измените се следни:

- дополнување на временски рок за датум на извршување на налозите за кредитни трансфери со странство и измена на описите.

## 2. ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИЗМЕНА НА ТАРИФА ЗА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ПРАВНИ ЛИЦА

Ве известуваме дека Шпаркасе Банка изврши измена на Одлуката на надоместоци за правни лица. Надоместоците кои ќе започнат да се применуваат од **06.10.2025** се следни:

**Платен промет со странство**

1. Воведување на новата услуга СЕПА
   -СЕПА кредитни трансфери – хартиени налози 1250 мкд и електронски налози 600 мкд-СЕПА приливи До 50,000 ЕУР – 500 мкд, над 50,000 ЕУР 1,500 мкд.
2. Намалување на цените за Fast Intragroup Transfers (FIT Payments)
   -FIT кредитен трансфер со странство до 50,000 еур – 600 мкд, над 50,000 еур - 0,23% минимум 600 мкд за хартиени налози, за електронски налози 0,15% минимум 600 мкди FIT приливи До 50,000 ЕУР – 500 мкд, над 50,000 ЕУР 1,500

3. Бришење на ставките за Intra Group Payments и Кредитни трансфери кон Германија и Австрија со вовдувањето на СЕПА плаќањата.

Измените кои ќе важат од 25.11.2025 година се во делот на картично работење и ќе започнат да се применуваат од **25.11.2025** се следни:

- Промена на текстот за итна изработка на дебитна и кредитна картичка.

*Согласно Законот за платежни услуги и платни системи и Рамковниот договор ќе се смета дека корисникот на платежните услуги ги прифатил промените во условите на Рамковниот договор и неговите прилози доколку не го извести давателот на платежните услуги-Банката пред датумот на примена на измената дека ги одбива промените во условите на Рамковниот договор и неговите прилози.
Наведените измени се достапни во електронска верзија на ВЕБ – порталот на Банката за персонализиран пристап за известувања и документи за платежни услуги, ВЕБ страната на банката и во работните простории на банката